НВО платформа – [ФОНД (FOND)](#) од Романија, од 31 октомври до 2 ноември го организираше [деветтото издание на Блек си Форум на невладини организации](#) **(Black Sea NGO Forum)** во Варна, Бугарија. На форумот учествуваа Симона Трајковска од МЦМС и Сања Богатиновска од БЦСДН.




Оваа година, форумот имаше за цел да придонесе во имплементацијата на „**Стратешката рамка за соработка на граѓанското општество во регионот на Црното море**“, преку промовирање на овозможувачката околина за граѓански организации како предуслов за регионална соработка и поддршка на работните групи на овој Форум.

Околу 130 учесници (претставници на граѓански организации, регионални и меѓународни организации, регионални и меѓународни донатори) присуствуваа на Форумот и беа активно инволвирани во интерактивните работилници, притоа разработувајќи ги темите: промовирање на овозможувачка околина за граѓанските организации во регионот на Црното Море; интеракција со главните донатори; идентификување на најдобрите пракси за развивање на понатамошни регионални проекти и понатамошно вмрежување во областа. Беше презентиран и последователен Извештај за овозможувачка околина за граѓански организации. Во него се анализирани сите клучни настани од целата година за регионот, со дополнителни заклучоци и препораки, како продолжение на извештајот од 2015 г. – „ **Овозможувачка околина за развој на граѓанско општество во регионот околу Црното море: Кон регионална стратегија за соработка**“.

Кен Филипс, меѓународниот консултант за граѓански организации, водеше динамична сесија низ која учесниците добија можност да се поврзат и да ги продолжат активностите на работните групи на Блек си Форум на невладини организации низ идентификување на заеднички темели и можности за идни проекти. Работните групи ќе бидат активно вклучени во областите: состојба на младите, граѓанско учество, култура и образование, антикорупција и одржлив развој.


BLACK SEA
NGO FORUM
31 OCT-2 NOV 2016
VARNA, BULGARIA
CSOPartnership